ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.10/18
11.11.2024
Велес

# О Г Л А С

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС објавува дека со Решение СТ бр.10/18 од 07.11.2024 година, СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци- во стечај, со седиште Населено Место без уличен систем Возарци, Кавадарци со ЕМБС 6314457 и ЕДБ 4011008501021 СЕ ЗАКЛУЧУВА.

Заклучувањето на стечајната постапка да се запише во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во другите регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките по предметите пред судови и тоа предмет на Основен суд Велес ПЛ-ТС 2/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ1-ТС 1/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ - ТС 4/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ - ТС 6/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ - ТС 5/23, предмет на Основен суд Велес ПЛ-ТС 3/23, да ги застапува интересите на стечајниот должник во постапките пред извршители, нотари и други органи и институции во државата и странство, како и да ги превзема сите дејствија кои во иднина би настанале, а кои се однесуваат на наплата на побарувања, заштита на стечајната маса и интересите на стечајните доверители, при што доколку се создаде стечајна маса истата ќе биде предмет на дополнителна (одложена) распределба во постапка предвидена со Законот за стечај.

Должникот НЕ СЕ БРИШЕ од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри.

Објавено на огласна табла и веб страна на Основен суд Велес на 11.11.2024 година.